Република Македонија
НОТАР
Зорица Пулејкова
за подрачјето на Основните судови
на градот Скопје
Кузман Јосифовски Питу 15

ОДУ број 415/19
Книга XIV

ИЗВОД (ПРВ)

29 мај 2019 година -----------------------------------------------------------------------------
Дваесет и деветти ден, месец мај, две илјади и деветнаесетта година---------
Во Скопје, во 12 (дванаесет ) часот, 40 (четириесет) минути.--------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------
Јас, нотар Зорица Пулејкова, со службено седиште на бул.Кузман Јосифовски Питу број 15 во Скопје, денес, на 29 мај 2019 година (Дваесет и деветти ден, месец мај, две илјади и деветнаесетта година), на покана од СТОПАНСКА БАНКА АД Скопје, со седиште на ул. 11 Октомври број 7 во Скопје, присуствував на седница на Собранието на акционерите на Банката која се одржа на денешен ден во седиштето на Банката на ул. 11 Октомври број 7 во Скопје, со почеток во 12 (дванаесет) часот и 40 (четириесет) минути, при што, согласно одредбите од Законот за нотаријатот, и член 407 во врска со член 383 став 3 од Законот за трговските друштва, го составив следниот -------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------

## ЗАПИСНИК ОД СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИТЕ
## на СТОПАНСКА БАНКА АД Скопје

---------------------------------------------------------------------------------------------------
Од страна на СТОПАНСКА БАНКА АД Скопје на мое барање ми беше предочена следната документација: ---------------------------------------------------

1. Тековна состојба на Банката од Единствениот трговски регистар издадена од Централниот регистар на Република Македонија Регионална регистрациона канцеларија Скопје, од која утврдив дека СТОПАНСКА БАНКА АД Скопје, со седиште на ул. 11 Октомври број 7 во Скопје, е запишана во Единствениот трговски регистар што го води Централниот регистар на Република Северна Македонија, со ЕМБС 4065549; -----------------------------------------------------------------------------
2. Акционерската книга на СТОПАНСКА БАНКА АД Скопје, со состојба на ден 27.05.2019 година, во која се евидентирани акционерите на Друштвото, со вкупен број на обични акции 17.460.180 и вкупен број на гласови 17.460.180, како и акционерите на Друштвото, со вкупен број на приоритетни акции 227.444, без право на гласови. -----------------

3. Список на присутни акционери сопственици на обични акции или нивни претставници, и акционери сопственици на приоритетни акции или нивни претставници, со број на акции односно гласови. Од наведениот список, по неговата верификација, се утврди дека на седницата на собранието се присутни акционери на Банката кои се сопственици на обични акции и нивни застапници или полномошници, со вкупно 16.554.876 гласа, што претставува 94,8% од вкупниот број на обични акции со право на глас, како и акционери на Банката кои се сопственици на приоритетни акции и нивни застапници или полномошници, со вкупно 144.379 приоритетни акции односно 63,4% од вкупниот број приоритетни акции. ----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата ја отвори г-ѓа Наташа Трпеноска - Тренчевска која претседавала со претходната седница на Собранието, и откако ги поздрави присутните акционери и ја отвори седницата, ги информира присутните акционери и нивни полномошници и застапници дека Банката ги земала во предвид формалните забелешки дадени на претходното собрание на акционери од страна на акционери иматели на приоритетни акции, така што преводот на денешната седница ќе биде извршен од страна на овластен судски преведувач од англиски на македонски јазик и обратно од страна на г-ѓа Ана Василева, која ќе врши превод на обраќањата на оние говорници кои ќе зборуваат на странски јазик, при што, како што било побарано на претходното собрание од страна на акционери иматели на приоритетни акции, преводот ќе биде направен на принцип превод реченица по реченица. Исто така, при регистрацијата на акционерите за денешната седница на собранието на акционери, сите акционери и полномошници на акционери имаат добиено картончиња за гласање со бројот на акции кои ги поседуваат или претставуваат и кои ќе бидат употребени при гласањето. Г-ѓа Наташа Трпеноска - Тренчевска ги замоли акционерите и нивните застапници или полномошници при гласањето да ги подигаат картончињата за гласање заради транспарентно броење и објавување на гласовите. Г-ѓа Наташа Трпеноска - Тренчевска ги извести акционерите дека, со цел да се даде убедување на акционерите дека Надзорниот одбор на Банката е информиран за иницијативите и барањата на акционерите иматели на приоритетни акции, на денешната седница на акционери на Банката се присутни четири од вкупно седум членови на Надзорниот одбор на Банката, и тоа: г.Димитриос Христопулос, г.Анастасиос Лизос, Проф.Др. Владимир Филиповски и Проф. Др. Сашо Ќосев. Потоа ја покани г-ѓа Соња Николовска да продолжи со формалниот дел од отворањето на седницата со избор на органите на Собранието. ----------------------------------------------------------------

Г-ѓа Соња Николовска предложи за претседавач на седницата на Собранието повторно да биде избрана г-ѓа Наташа Трпеноска - Тренчевска, акционер на Банката, за записничар да биде избрана г-ѓа Зорица Пулејкова, нотар од Скопје, и за бројач на гласови да биде избрана г-ѓа Снежана Спасовска, полномошник на акционер имател на приоритетни акции. ---------------------------------------------------------------------------------

На прашање на акционер и полномошник на ационери иматели на приоритетни акции В.Т. дека акционерот Снежана Спасовска не може да ја пронајде во акционерската книга, при што беше одговорено дека наведеното лице е полномошник на акционер имател на приоритетни акции. Акционерот В.Т. праша за името на акционерот чиј полномошник е г-ѓа Снежана Спасовска, беше одговорено дека истата е полномошник на акционерот Вики Русевска Тврткoвиќ-имател на 38 приоритетни акции. Со оглед на тоа што друг предлог не беше доставен, се стави на гласање предлогот за претседавач на седницата на Собранието да биде избрана г-ѓа Наташа Трпеноска - Тренчевска, акционер на Банката, за бројач на гласови да биде избрана г-ѓа Снежана Спасовска, полномошник на акционер имател на приоритетни акции, и за записничар да биде избрана г-ѓа Зорица Пулејкова, нотар од Скопје. Акционерите, односно нивните застапници и полномошници гласаа јавно, со кревање на рака. За предлогот за претседавач на седницата на Собранието да биде избрана г-ѓа Наташа Трпеноска - Тренчевска, акционер на Банката, за бројач на гласови да биде избрана г-ѓа Снежана Спасовска, полномошник на акционер имател на приоритетни акции и за записничар да биде избрана г-ѓа Зорица Пулејкова, нотар од Скопје, акционерите односно нивните застапници и полномошници се изјаснија ЗА, со потребно мнозинство на гласови. -----------------------------------------------------------------------------------------

Г-ѓа Наташа Трпеноска - Тренчевска, чиј што идентитет го утврдив преку увид во нејзината лична карта број А1912503 издадена од МВР Скопје на 11.07.2016 година, откако се заблагодари на довербата, констатира дека на денешната седница на Собранието се поканети сите акционери на Банката преку јавниот повик објавен во дневниот весник Нова Македонија 30 дена пред одржување на седницата и ги информира присутните дека при гласањето акционерите треба да гласат со подигање на раката, а доколку акционерот не гласа со подигање на рака ЗА или ПРОТИВ, неговиот глас ќе се смета како да гласал ВОЗДРЖАН. Понатаму ги информира акционерите вкупениот број на обични акции изнесува 17.460.180 додека вкупниот број на приоритетни акции изнесува 227.444. Преку увидот во Списокот на присутни и претставени акционери на собранието утврдила дека на седницата се присутни акционери на Банката кои се сопственици на обични акции и нивни претставници, со вкупно 16.554.876 гласа, што претставува 94,8% од вкупниот број на обични акции со право на глас, и 144.379 приоритетни акции односно 63,4% од вкупниот број приоритетни акции, така што постои кворум за работа на Собранието и за донесување на полноважни одлуки според предложениот Дневен ред. ---------------------

Претседавачот ги запозна акционерите дека била информирана дека група иматели на приоритетни акции има поднесено барање до Надзорниот одбор на Банката за вклучување на точки на дневен ред, кое барање било соодветно разгледано од Надзорниот одбор и по добиеното правно мислење било одлучено дека само барањето за укинување на повластено право на приоритетните акции издадени од Стопанска банка АД Скопје и конверзија за приоритетните во обични акции е прифатено. Од аспект на другите барања ги информира дека дека истите не биле прифатени

согласно одредбите од Законот за трговските друштва бидејќи предлозите за распределба на добивка и измени на Статут можат да бидат поднесени од акционери со право на глас, за кое нешто подносителите биле навремено и соодветно информирани. --------------------------------------------------
За збор се јави акционер и претставник на акционери иматели на приоритетни акции В.Т. кој наведе дека барањето за ставање на точки дневен ред е доставено на 23.04.2019 година, согласно постоечката законска регулатива, а притоа напомена дека не е спомената уште една точка за ставање на дневен ред, но за која се согласува дека немаат право да биде ставена на дневен ред, односно дека тие немаат право да биде ставена на дневен ред, а се однесувала на исплата на дел од добивка како дивиденда. Меѓутоа за останатаите 4 точки меѓу кои е усвоена само една точка и ставена на дневен ред добиле образложение. Имено од страна на Надзорниот одбор на Банката на седница одржана на 24.04.2019 година е прифатено да се стави на дневен ред на оваа седница на Собранието само една точка, додека останатите се одбиени со образложение дека не се исполнети законските услови за вклучување во дневниот ред, за кое нешто известувањето во писмена форма му е доставено на претставникот на подносителите на 25.04.2019 година. Претставникот на подносителите истиот ден побарал да биде известен по кој член од закон или интерен акт се одбиени барањата на подносителите, но како не добил одговор, на 02.05.2019 година повторно побарал да добие појаснување. На 03.05.2019 година бил добиен одговор со кој подносителите биле информирани дека Надзорниот одбор не го прифатил барањето за вклучување на нови точки во дневниот ред за денешната седница на Собранието согласно член 390 став 7 точка 2 во врска со член 390 став 4 и член 417 став 2 од Законот за трговските друштва. На 09.05.2019 година претставникот на подносителите се обратил до Надзорниот одбор со појаснување на цитираните членови односно дека член 390 став 7 точка 2 се однесува на барање за вклучување една или повеќе точки во дневиот ред на собрание кое е свикано, а во конкретниот случај собранието не било свикано и предвидува случај во кој барањето може да се одбие ако акционерот односно акционерите не поседуваат доволен број акции со право на глас во друштвото. Членот 390 став 4 се однесува на барање на вклучување на една или повеќе точки на дневен ред на собрание кое е свикано, а барањето на подносителите е поднесено пред да биде свикано собранието врз основа на став 3 од член 390 од ЗТД според кој секој акционер во секое време има право да поднесува иницијатива за вклучување точки во дневниот ред на собранието кое што ќе биде свикано, кој услов е исполнет од страна на подносителите на барањето. Членот 417 став 2 од ЗТД предвидува дека постапка за измена на статут можат да покренат органот на управување, односно надзорниот одбор како и акционери кои поседуваат најмалку една десетина од вкупниот број акции со право на глас. Во барањето на подносителите со кое се бара воведување на права на приоритетните акции во Статутот на Банката тие се повикуваат на член 403 став 1 од ЗТД според кој кога со одлука за измена на статутот се менува односно ограничува кое било право врзано за некој род акции таа одлука се смета за полноважна ако акционерите кои го претставуваат

соодветниот род акции дадат согласност со донесување одлука за согласност со мнозинство определено со ЗТД и статут, за што треба да се одржи посебно собрание или одвоено гласање. Бидејќи после поднесување на предметното барање е свикано собранието на Банката, логично било во дневниот ред на ова Собрание да бидат вклучени и тие точки. Со оглед на тоа што од четирите точки по истиот член прифатено било само барањето за конверзија, подносителите сметаат дека тоа што останатите три точки не се ставени на дневен ред значи прекршување на законот од страна на Надзорниот одбор на Банката. Имено, со неприфаќањето на предлогот кој се однесува на распределба на дел од добивката на приоритетните акции во вид на дивиденда, не им се овозможува остварување на акционерите имател и на приоритетни акции право на учество во распределбата на добивката на Банката за 2018 година што е спротивно на член 5 од Законот за хартии од вредност, според кој издавачот на хартии од вредност е должен да ги исполнува обврските утврдени со издадените хартии од вредност во согласност со овој или друг закон, однсно правата кои се пропишани со одлуките за емисии на акции од 1991, 1994 и 1998 година, при што постапувањето на Надзорниот одбор на Банката е казниво согласно член 275 а од Кривичниот закник, според кој одговорно лице во правно лице, друг вработен во правното лице, акционер или содружник, или лице овластено од одговорното лице, кое попречува сопственик на хартии од вредност во остварување на правата од хартии од вредност или врши повреда на правата од хартии од вредност ќе се казни со парична казна и затвор до 3 години. Исто така, не бил прифатен предлогот за вклучување на нова точка во дневниот ред во поглед на правата од приоритетните акции за измена членот 18 од Статутот на Стопанска банка од 2016 год, во кој не се наведени правата од приоритетни акции што било спротивно на член 287 став 1 точка 4 од ЗТД. Имено правата се прескокнати. Ги повика надлежните да одговорат, да го разгледаат уште еднаш со внимание предлогот на подносителите за вклучување на точките поврзани со правата на приоритетните акции на денешното собрание, после што да постапат во согласност со закон и да ги вклучат бараните точки во дневниот ред. Притоа акционерот наведе дека го нема на хартија, но дека и на Банката и било пренесено и не е шпекулација од страна на стручни лица во Комисијата за Хартии од Вредност, биле децидни дека правата треба да бидат содржани во Статутот, и одбиените точки се одбиени спротивно на законот, но се појавила несигурност дали КХВ или Народна Банка треба да и наложи на Банката да ги вклучи овие права во Статутот, со оглед дека Народна Банка го одобрува Статутот на Банката. Но не е спорно дека овие права треба да бидат вклучени, така што од страна на Банката се направени две повреди, со тоа што собранието не било свикано кога барањата биле доставени и со невклучување на овие точки во дневниот ред на ова собрание. ------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа акционерот ја изложи содржината на одбиените барања, а имено дека врз основа на член 390 став 3 од ЗТД произлегува право на исплата на дел од вкупната добивка на Банката остварена во 2018 година на имателите на приоритетни акции од износот на дивидендата што ја

добиваат имателите на обичните акции во износ сразмерен на учеството на приоритетните акции во капиталот на Банката, односно 2,53 % од добивката што е наменета за распределба на акционерите. Основ за ова е член 18 поглавје 6 од Статутот на Банката - Распределба на добивка и издвојување за резерви, каде е предвидено дека акционерите на Банката имаат право на учество во добивката освен ако добивката е изоставена од распределба на акционерите согласно законски прописи и одредбите од Статутот, при што учеството на акционерите во добивката се определува согласно закон и интерните акти. Не се прави разлика меѓу акционери имателi на обични акции и акционери иматели на приоритетни акции. Тоа право се пропишува во одлука за издавање на акции и тоа право не се гласа на собрание. На собрание се гласа само висината на делот на добивката кој ќе биде распределен за дивиденда. Член 487 став 1 од ЗТД предвидува дека собранието на акционери го определува делот од добивката кој се распределува на акционерите во форма на дивиденда според правото што ги дава родот и класата на акции. Во одлуките за втора, трета и четврта емисија, при што во образложенијата е пропуштена да се цитира третата емисија, стои дека имателите на приоритетни акции имаат право на варијабилен дел од добивката во висина што ќе ја утврди собранието но најмногу до висина на делот што ќе го добијат имателите на обични акции. Притоа, од страна на менаџментот на Банката и мнозинскиот акционер се игнорира правото на партиципативност на приоритетните акции кое со одлуките за емисија е јасно наведено. Со оваа точка се определува правото на партиципативноста на приоритетните акции. Во теоријата и праксата многумина тврдат дека приоритетните акции можат да бидат или кумулативни или партиципативни, но овие права меѓусебно не се исклучуваат, одлука е на друштвото кои од тие права ќе ги искомбинира. Правата на приоритетните акции се дадени со одлуките за емисии, тие не се гласаат на собрание. Иако со Кодексот на Банката е наведено почитување на акционерските права, после 3 месеци дописи е најдено за сходно да се разговара ако има разидување за некои работи така што се уште не е решен проблемот на кој е укажано. Од почеток биле уверени дека сегашното раководство не било на раководни позиции кога НБГ во 1999 година станала мнозински акционер, меѓутоа кога се укажува на проблем и ако тој бил направен од немарност, биле должни да го испитаат и донесат одлука како ќе се постапува. Игнорирањето на проблемот на НБГ како мнозински акционер му донесе неосновано богатење, бидејќи делот кој припаѓа на приоритетните акции тие го зедоа. Понатаму ги наведе точките од барањето за вклучување во дневниот ред, во смисла на тоа дека Одлуките за емисии го содржат правото за гарантирана фиксна дивиденда, поради што се бара да се дополни Статутот на Банката со правото на загарантирана фиксна дивиденда, односно приоритетните акции да имаат право на гарантирана фиксна дивиденда во износ од 54,00 денари за една акција. Тоа бил износот на првата дивиденда за 2000 година откако НБГ ја презела Банката. Гарантирана фиксна дивиденда што значи на НБГ им е познато бидејќи во 2009 година издале емисија на приоритетни акции од 70 милиони акции со номинален износ од 5 евра и гарантирана фиксна

дивиденда од 10 % односно 0.5 евра по акција. Се поставува прашање како не им било чудно што во Стопанска банка таа дивиденда не е фиксна. Второто барање се однесува на тоа приоритетните акции да имаат право на кумулативна дивиденда, односно право на наплата на кумулираните неплатени дивиденди пред наплата на какви било дивиденди на имателите на обичните акции. Сето ова стоело во одлуките за емисија на акции на Стопанска банка АД Скопје. Ова право било применето во 2007 година, кога била исплатена кумулативна дивиденда, но сега ова барање не е прифатено. Трето барање на предлагачите кое е одбиено се однесувало на тоа имателите на приоритетни акции можат да стекнат право на учество во распределбата на добивката на Банката како варијабилен дел од добивката во висина што ќе ја утврди собранието но најмногу до висина на делот што ќе го добијат имателите на обични акции. Очекува од членовите на Надзорниот и од Управниот одбор одговор. Втората, третата и четвртата емисија на акции на Стопанска банка АД Скопје содржеле издавање на обични и приоритетни акции во номинален износ од 1.000,00 денари, денес номиналниот износ е различен, но правата од акциите не се утврдуваат со одлука на управниот или надзорниот одбор на Банката, туку согласно Одлуките за емисија и без оглед на пазарната вредност на акциите. Еволуцијата на акциите била различна, и пазарната вредност се менувала. Ова е суштината на проблемот, се толкува соодносот на двете акции имајќи ги предвид пазарните вредности на акциите. За потсетување, наведе дека пред 2016 година обичната акција имала вредност од 200,00 денари, за разлика од неа приоритетната акција имала пазарна вредност од околу 400,00 денари. Денес кога пазарните вредности се изедначени тешко се прифаќа конверзијата, но може ако тоа е проблем тие да направат пазарна вредност на приоритената акција да вреди 2.000,00 денари, за да биде полесно да бидат заменети две обични акции со по 1.000,00 денари, односно тие можат за неколку дена да ја направат акцијата 2.000,00 денари за да може Банката лесно да одлучи за таа конверзија. Притоа побара да добие одговор за неприфаќањето на точките на дневниот ред, односно зошто се одбиени. ----------------------------

Претседавачот се заблагодари на излагањето, истакна дека истото ќе биде внесено во записникот на нотарот, а исто така беше внимателно следено од присутните членови на Надзорниот одбор така што ќе биде соодветно разгледано. ------------------------------------------------------------------------------

Од страна на акционерот В.Т. беше кажано дека апсолутно не се согласува денес да не добијат одговор, односно беше побарано одговор на денешната седница на Собранието, односно да се стават точките на дневен ред. --------

Од страна на претседавачот беше одговорено дека Надзорниот одбор ги разгледал поднесените барањата и веќе писмено им одговорил на подносителите, а денес барањето било дообразложено и проширено, така што сите забелешки ќе бидат земени предвид и ќе им биде одговорено на предлагачите. ------------------------------------------------------------------------

Од страна на акционерот В.Т. беше поставено прашање во која временска рамка ќе биде одговорено, бидејќи на преходното барање за конверзија на приоритетните акции во рок од пет месеци не било одговорено.--------------

Со оглед на тоа што никој друг не се јави за збор, Претседавачот го стави на гласање предложениот ------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------

Дневен ред

--------------------------------------------------------------------------------------------------

1. Избор на Претседавач, нотар и бројач на гласови; ----------------------------
2. Разгледување на Записникот од 44-та седница на Собранието на акционери на Стопанска банка АД Скопје одржана на 12 декември 2018 година;------------------------------------------------------------------------------
3. Донесување на Одлука за измена на Статутот на Стопанска банка АД Скопје; ------------------------------------------------------------------------------
4. Утврдување на пречистен текст на Статутот на Стопанска банка АД Скопје;------------------------------------------------------------------------------
5. Донесување на Одлука за именување на член на Надзорен одбор; -------
6. Донесување на Одлука за усвојување на Годишната сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2018 година;
7. Разгледување и усвојување на Ревидираните финансиски извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2018 година, со писменото мислење од Надзорниот одбор; ------------------------------------------------------------
8. Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка АД Скопје во 2018 година, со писменото мислење од Надзорниот одбор; ------------------------------------------------------------
9. Донесување на Одлука за распоредување на добивката за 2018 година;
10. Донесување на Одлука за начинот на пресметување и исплата на дивиденда на имателите на приоритетни акции за втората половина на 2018 година; ------------------------------------------------------------------------
11. Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор за 2018 година; ---------------------------------------------
12. Донесување на Одлука за назначување на овластено друштво за ревизија за 2019 година; --------------------------------------------------------
13. Донесување на Политика за наградување на Стопанска банка АД Скопје; и ------------------------------------------------------------------------------
14. Предлог одлука за укинување на повластено право на приоритетните акции издадени од Стопанска банка АД Скопје и конверзија на приоритетните во обични акции (поднесена од група иматели на приоритетни акции). ----------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------

Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За предложениот Дневен ред акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.525.666 гласа-ЗА, 15.543 гласа-ПРОТИВ, и 13.667 гласа-ВОЗДРЖАНИ. -------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека предложениот Дневен ред е усвоен со потребното мнозинство на гласови.------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------

Со оглед на тоа што првата точка беше исцрпена, се премина на втората точка од Дневниот ред- Разгледување на Записникот од 44-та седница на Собранието на акционери на Стопанска Банка АД Скопје. Претседавачот констатира дека Записникот бил изготвен, потпишан и достапен на увид на акционерите во согласност со член 407 од Законот за трговските друштва, после што отвори расправа по истиот, појаснувајќи дека акционерите по оваа точка не носат одлука. -------------------------------------
За збор се јави акционер Ве.Т. кој наведе дека излагањето од 45 минути на акционерот В.Т. на денешната и на претходната седница на собранието е заради тоа што од страна на мнозинскиот акционер не е одговорено зошто не е прифатена иницијативата за конверзија на приоритетните акции. Во ниту една друга Банка во државата нема приоритетни акции па смета дека постои легалистички пристап при толкувањето на правата на имателите на приоритетните акции и дека големиот акционер инаетот ќе го чини многу пари.-----------------------------------------------------------------------
За збор се јави В.Т. кој наведе дека во Записникот стои дека имателите на приоритетни акции ќе добијат одговор за неизгласаната конверзија. Во законот стои дека се должни тоа да го направат и да го објават на интернет страната. До денес тоа не било направено, така што ако има денес претставници на мнозинскиот акционер имателите на приоритетни акции би сакале да добијат такво образложение. ----------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------

Со оглед на тоа што никој друг не се јави за дискусија, Претседавачот констатира дека Собранието го разгледа Записникот од 44-та седница на Собранието на акционери на Стопанска банка АД Скопје. ---------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------

Пред да отпочне работата по третата точка од дневниот ред, во 13,30 часот седницата ја напушти полномошникот на акционерот Раде Кончар Апаратна техника АД Скопје, претставник на 2.500 обични акции со право на глас. --------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------

По однос на точките 3- Донесување на Одлука за измена на Статутот, и 4- Утврдување на пречистен текст на Статутот, Претседавачот предложи овие точки да бидат разгледани заедно. Појасни дека измената на Статутот е направена пред се поради организациски промени во рамките на Банката, со цел натамошно продлабочување и зајакнување на корпоративното управување во согласност со локалната законска регулатива, меѓународната најдобра пракса и стандардите на НБГ Групацијата. Дополнително, предложените измени целосно служат на принципите на моделот на три одбрамбени линии. Со оглед на тоа што последната измена на Статутот била направена во 2016 година, следува дека предложените измени се во насока на променетата законска регулатива. Претседавачот отвори расправа. -------------------------------------

За збор се јави В.Т. кој наведе дека со предложените измени на Статутот не се земени предвид правата на приориените акции. Согласно член 287 став 1 точка 4 од ЗТД, во статутот мораат да бидат содржани односно запишани правата. Со тоа што не се запишуваат правата во Статутот на Банката, Надзорниот одбор го крши законот. Наведе дека имал добиено неофицијален одговор дека тоа на некоја седница на акционери ќе биде ставено на дневен ред, но смета дека Банката имала доволно време да реагира, а со ваквото постапување законот се крши и веројатно овој проблем ќе се разрешува по судски пат. Во член 18 од Статутот барале да да бидат запишани правата од приоритетни акции кои се предвидени со одлуките за емисија на акциите: гарантирана фиксна дивиденда, кумулативна приоритетна акција и парицицпативна приоритетна акција, кое барање било одбиено. Наведе дека имателите на приоритени акции бараат да бидат запишани овие права и да добијат сега одговор зошто овие права не се запишуваат. -------------------------------------------------------------------

Со оглед на тоа што никој друг не се јави за дискусија по овие точки, Претседавачот ги стави на гласање Статутарната одлуката за измена на Статутот на Стопанска банка АД Скопје. Акционерите односно нивните застапници и полномошници гласаа јавно, со кревање на рака. За донесување на Статутарната одлуката за измена на Статутот на Стопанска банка АД Скопје, акционерите односно нивните застапници и полномошници се изјаснија со 16.535.271 гласа-ЗА, 16.099 гласа-ПРОТИВ, и 1.006 гласа-ВОЗДРЖАНИ. -------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови ја усвои Статутарната одлуката за измена на Статутот на Стопанска банка АД Скопје, и истата претставува Прилог А кон овој Записник, кој се наоѓаат во списите на предметот. --------------------------------

За збор се јави акционер Д.Ч. која побара во записникот да биде констатирано нејзино противење на донесување на одлуките под точка 3 и 4 од причина што Статутарната одлуката за измена на Статутот на Стопанска банка АД Скопје, не е во согласност со Законот за трговските друштва и Одлуките за емисија на акции.-------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа се премина на петата точка од Дневниот ред- Донесување на Одлука за именување на член на Надзорен одбор. Претседавачот појасни дека со оваа Одлука се предлага Собранието на акционери да го ре-именува г.Маринис Стратопулос за втор последователен мандат за член на Надзорниот одбор. Именуваниот е Генерален директор на Секторот за имот и Секторот за меѓународни активности на НБГ Групацијата, Претседател на Бордот на директори на Банка Романеска (НБГ), НБГ Лизинг ИФН во Романија и Заменик Претседател на Бордот на директори на НБГ Кипар. Имајќи го предвид неговото големо искуство на високи раководни функции и неговото одлично познавање на работењето на Стопанска банка АД Скопје, се предлага г.Маринис Стратопулос да биде ре-именуван за член на Надзорниот одбор на Банката за уше еден четири годишен мандат. Претседавачот отвори расправа по оваа точка. -------------

Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот ја стави

на гласање Одлуката за именување на член на Надзорен одбор. Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За предложената Одлука за именување на член на Надзорен одбор акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.542.973 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 9.403 гласа-ВОЗДРЖАНИ. ---------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови ја усвои Одлуката за именување на член на Надзорен одбор, и истата претставува Прилог Б кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. ------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа се премина на шестата точка од Дневниот ред- Донесување на Одлука за усвојување на Годишната сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2018 година. -------------------------------------------

Претседавачот појасни дека предлогот е подготвен согласно пропишаната методологија од НБ на РСМ и истите се одобрени од Надзорниот одбор на Банката на 24.04.2019 година, после што отвори расправа. ---------------------

За збор се јави акционер В.Т. кој наведе дека во одлуката стои дека од добивката е исплатен аванс на дивидинда само на обичните акции што е спротивно на член 18 од Статутот во кој стои дека акционерите имаат право на учество во дел од добивката на Банката и со одлуките за емисија на акции, бидејќи е исплатена дивиденда само на акционерите на обични акции и не е издвоено 2,53% од добивката за приоритетните акции со што акционерите на приоритетните акции се оштетени со 32 милиони 191 илјада денари. За овие 3 месеци требало да бидат разбрани карактеристиките и разликите на обичните и приоритетните акции. Правата за акциите се запишуваат во одлуките за емисии кои се носат согласно закон. Овие одлуки ги содржат правата, но не се пренесени во Статутот. ------------------------------------------------------------------------------------

Мирјана Трајановска, претставник на Стопанска банка АД Скопје, Сениор директор за финасии и ликвидност, истакна дека не само обичните акции туку и имателите на приоритетни акции врз основа на Одлука донесена на вонредното собрание на акционери на Банката од декември 2018 година имаат добиено авансна дивиденда, а и на ова собрание е ставена точка за дивиденда на имателите на приоритетни акции.------------------------------------

Акционерот В.Т. наведе дека тоа се однесува само за гарантирана фиксна дивиденда која се исплаќа и кога има загуба, а сега се бара варијабилен дел како дел од добивката што се издвојува за дивиденда, бидејќи приоритетните акции во Стопанска банка АД Скопје имаат партиципативно право иако тоа не се прифаќа од Банката. --------------------

Со оглед на тоа што никој друг не се јави за дискусија, Претседавачот ја стави на гласање Одлуката за усвојување на Годишната сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2018 година. Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За предложената Одлуката за усвојување на Годишната сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2018 година. акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.530.655 гласа-ЗА, 7.702 гласа-ПРОТИВ, и 14.019 гласа-ВОЗДРЖАНИ. --------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови ја усвои Одлуката за усвојување на Годишната сметка и

Финансиските извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2018 година, и истата претставува Прилог В кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. ---------------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа се премина на седмата точка од Дневниот ред- Разгледување и усвојување на Ревидираните финансиски извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2018 година, со писменото мислење од Надзорниот одбор. Претседавачот појасни дека ревидираните финасиски извештаи се подготвени согласно домашните сметководствени стандарди од страна на овластен надворешен ревизор Прајсвотерхаус Куперс Ревизија и истите се разгледани од Одборот за ревизија и одобрени од Надзорниот одбор на Банката Овластениот надворешен ревизор потврдил дека финансиските извештаи за 2018 година во сите материјални аспекти се направени согласно сметководствените стандарди важечки во земјата. Претседавачот отвори расправа. --------------------------------------------------------------------------

За збор се јави акционер В.Т. кој наведе дека според извештајот од Надзорниот одбор потпишан од претседателот на Надзорниот одбор, во точката 6 се вели дека членовите на Надзорниот одбор на СБ ги разгледаа ревидираните финансиски извештаи и соодветното ревизорско мислење. Беше заклучено дека финансиската позиција и резултатите од работењето на Банката се презентирани објективно и точно во релевантните Финансиски извештаи. Надворешните ревизори на Банката немаат откриено ниту едно прашање што материјално би влијаело на Финансиските извештаи. Во евентуалните судски постапките доколку се одлучи на поднесување кривични пријави ваквите одлуки ќе подлежат на кривична одговорност и одговорноста на членовите на Надзорниот одбор ќе зависи како тие гласале по барања на имателите на приоритетните акции. Ако за нивните предлози гласале против членовите на Надзорниот одбор сносат кривична одговорност секој поединечно, ако биле за нивните предлози тоа ќе ја олесни нивната ситуација.---------------------------------------------------------------------------------

За збор се јави акционер Жељко Рудиќ кој му честита на менаџментот на Банката на постигнатите резултати, и праша какви се плановите за работењето на Банката со оглед на тоа што е тешко да се повтори резултатот од минатата година, а исто така побара доколку е можно да добие информација во врска со евентуалната продажба на Банката. --------

Одговор на прашањето на акционерот даде г. Диомидис Николетопулос, Генерален Извршен директор на Банката кој беше прведуван од англиски на македонски јазик од страна на овластен преведувач. Генералниот Извршен директор наведе дека резултатите во 2018 година биле задоволителни и дека е поставена траса за работење во идните години, како и дека бизнис моделот на Банката е на цврсти и сигурни фундаменти и дава проспект за повторување на успехот од минатата година. Бизнис планот за идните три години е изготвен, покажува извесен нагорен тренд, и гарантира профит за акционерите. Стопанска банка АД Скопје ги следи најдобрите практики и има најдобар корпоративен модел на управување, целосно ги почитува сите законски прописи во земјата, работи со висока општествена одговорност и е неспоредлива со другите банки во државата. Лично посака да му честита на менаџментот на Банката кој работи на

највисоко ниво и ги почитува сите законски прописи, и изрази жалење што на ова Собрание кога Банката има постигнато највисока профитабилност во банкарскиот сектор за тоа воопшто не се дискутира. ------------------------
За збор се јави акционер М.М. кој наведе дека во врска со општествената одговорност сака да го посочи примерот на НБГ која оддели 107 милиони евра за обештетување на свои вработени кои се предвреме отпуштени, а таква општествена одговорност во многу помал обем бараат имателите на приоритетните акции и истите треба да се обештетат или со конверзија на акциите или со зголемување на дивидендата. --------------------------------------
Со оглед на тоа што никој друг не се јави за дискусија, Претседавачот ги стави на гласање за усвојување Ревидираните финансиски извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2018 година, со писменото мислење од Надзорниот одбор. Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За усвојување на Ревидираните финансиски извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2018 година, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.536.153 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 16.223 гласа-ВОЗДРЖАНИ. ------------------------------------------
Претседавачот констатира дека Собранието ги усвои Ревидираните финансиски извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2018 година, и истите претставува Прилог Г кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. ------------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------
Потоа се премина на осмата точка од Дневниот ред- Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка АД Скопје во 2018 година, со писменото мислење од Надзорниот одбор. Претседавачот после што отвори расправа по Годишниот извештај. -------
Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот го стави на гласање за усвојување Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка АД Скопје во 2018 година, со писменото мислење од Надзорниот одбор. ---------------------------------------------------------------------
Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За усвојување на Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка АД Скопје во 2018 година, со писменото мислење од Надзорниот одбор, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.535.905 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 16.471 гласа-ВОЗДРЖАНИ. ------
Претседавачот констатира дека Собранието го усвои Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка АД Скопје во 2018 година, и истиот претставува Прилог Д кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. ---------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------
Се премина на деветата точка од Дневниот ред- Донесување на Одлука за распоредување на добивката за 2018 година. Претседавачот појасни дека Стопанска банка АД Скопје во 2018 година има остварено нето добивка од 2,7 милијарди денари. Дел од добивката во износ од 1,2 милијарди денари се исплатени како аванс на дивиденда за првата половина од 2018 година, а предложени се 1,3 милијарди денари да се распределат како акумулирана

добивка ограничени за распределба на акционерите, со што се зајакнува капиталната позиција на Банката. Претседавачот отвори расправа по Одлуката. -----------------------------------------------------------------------------------

За збор се јави акционер В.Т. кој наведе дека и Комерцијална банка имала приоритетни акции кои биле конвертирани, но додека биле активни секогаш било исполнувано партиципативното право на тие акции и била исплаќана дивиденда, односно биле почитувани законите, а Стопанска банка не ги почитува. -----------------------------------------------------------------------

За збор се јави акционер Б.М. кој постави прашање по однос на добивката од 2018 година, дали износот на добивката ограничена за распределба значи дека оваа добивка не е расположива за делба на акционерите. ---------

Мирјана Трајановска, претставник на Стопанска банка АД Скопје, Сениор директор за финасии и ликвидност, одговори дека таа добивка не е расположива за делба и истата ќе се вклучи во пресметување на адекватноста на капиталот.--------------------------------------------------------------

Со оглед на тоа што никој друг не се јави за дискусија, Претседавачот ја стави на гласање Одлуката за распоредување на добивката за 2018 година. **Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За** предложената Одлука за распоредување на добивката за 2018 година **акционерите односно нивните претставници се изјаснија** со 16.529.136 **гласа-ЗА**, 100 **гласа-ПРОТИВ, и 23.140 гласа-ВОЗДРЖАНИ.** --

**Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство ја усвои** Одлуката за распоредување на добивката за 2018 година, и истата претставува Прилог Ѓ кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. --------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------

Акционерот Д.Ч. побара во Записникот да се констатира противење на донесената Одлука поради тоа што распредбата на дивидендата не е извршена во согласност со Законот и со Одлуките за емисија на акции. -----

-----------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа се премина на десетата точка од Дневниот ред- Донесување на Одлука за начинот на пресметување и исплата на дивиденда на имателите на приоритетни акции за втората половина на 2018 година. Претседавачот појасни дека вкупниот износ на приоритетни акции за дивиденда за вториот дел од 2018 година изнесува 909.776,00 денари или бруто износ од 4,00 денари по акција, после што отвори расправа по Одлуката. --------------

За збор се јави акционер В.Т. кој наведе дека во образложението на точката 10 се наведени само втората и четвртата емисија, а не е наведена третата емисија. Во Одлуките за емисија на акции е наведено дека се гарантира фиксна дивиденда на приоритетниете акции, а дивидендата секоја година се намалува, што е во спротивност со одредбите од одлуката за емисија. Начинот да се врзе висината на дивидендата со стапката на камата на денари орочени на една година зголемена за соодветен процентен поен кој го утврдува со одлука за каматни стапки на Стопанска банка АД Скопје Комисија за управување со актива и пасива. Се што се однесува на акциите се утврдува на Собрание и не може да се утврдува од страна на комисија, бидејќи за ваквата одлука е потребна согласност на имателите на приоритетни акции, така што, доколку приоритетните акции

останат неконвертирани, во иднина тој процент не може да го утврдува орган надвор од Собрание. Како пример го посочи примерот на НБГ која исплаќа дивиденда од 10% на номиналниот износ на приоритетните акции, и посочи дека за ваквиот начин на пресметување на дивидендата во Стопанска банка АД Скопје е известена Њујоршката берза односно тамошната Комисија за хартии од вредност со барање НБГ да не котира повеќе таму. Понатаму, наведе дека е побаран и добиен допис од ЕЦБ дека од нивна страна немало препорака до Стопанска банка АД Скопје за неконвертирање на приоритетните акции, а сите овие активности биле преземени поради навредливо ниската дивиденда. Побара објаснување зошто на ваков начин се пресметува и утврдува фиксната гарантирана дивиденда на приоритетните акции. -------------------------------------------------

Г.Диомидис Николетопулос, Генерален Извршен директор на Банката, наведе дека 25 години на идентичен начин била пресметувана дивидендата на приоритетните акции и истиот никогаш не бил оспорен. --------------------

Акционерот В.Т. наведе дека до денешен ден никаде не е објавено правото на пресметка на гарантирана фиксна дивиденда на приоритетните акции, ниту во Статутот кој е неколку пати ревидиран, ниту во Проспектот кога Банката е запишана на задолжителна котација, кој е потпишан од тука присутните генерални директори г.Николетопулос и г. Стојановски. Во јавно објавените документи не се наведени правата на приоритетни акции. Во тој Проспект стои изјава на овие директори дадена под целосна морална, материјална и кривична одговорност дека сите податоци се целосни и вистинити во поглед на имотот, обврските, добивките и загубите, финансиската и деловната состојба на издавачот, и правата содржани во хартиите од вредност и дека не се изоставени податоци кои би можеле да влијаат на целовитоста и вистинитоста на Проспектот. Правата од приоритетните акции не се наведени во Проспектот и Статутот, иако тоа било укажано од КХВ, со што биле доведени во заблуда инвеститорите кои купиле вакви акции, а непостапувањето веке 4 месеци откако е на ова укажано наведува на заклучок дека е тоа свесно и намерно скриено. Во одговорот на Надзорниот одбор за правата на приоритетни акции како алиби се наведува начинот на кој приоритетните акции се запишани во ЦДХВ, поради што е одржан состанок со ЦДХВ на кој било објаснето дека акциите се запишани врз основа на податоци дадени од Банката и изјава од Банката дека податоците се точни, после што ЦДХВ ги запишил акциите, а Банката истите ги проверила и потврдила дека податоците се целосни и вистинити. Истите биле запишани само како кумулативни, а не и како партиципативни, бидејќи софтверот на ЦДХВ не поддржувал решение да може да се запишат две права во една приоритетна акција, а и во теоријата и праксата постои такво неразбирање на овие права, односно дека акциите можат да бидат само кумулативни или само партиципативни, иако според него не е спорно дека овие права може да се комбинираат. И покрај укажувањата на имателите на партиципативни акции очигледно нема расположение кај Банката за спогодбено решавање на различните ставови. -----------------------

За збор се јави акционер К.П. кој даде предлог до сопствениците на приоритетните акции да се договорат во која хуманитарна организација да

бидат уплатени средствата од 4,00 денари по акција наместо да бидат брукани со ваквиот износ или да се соберат акционерите иматели на приоритетни акции на состанок на кој да одлучат овие средства да се употребат како аванс за адвокатски застапник кој ќе ја прекине оваа состојба. ----------------------------------------------------------------------------------------

Со оглед на тоа што никој друг не се јави за дискусија, Претседавачот ја стави на гласање Одлуката за начинот на пресметување и исплата на дивиденда на имателите на приоритетни акции за втората половина на 2018 година. **Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно,** со кревање на рака. За предложената Одлука за начинот на пресметување и исплата на дивиденда на имателите на приоритетни акции за втората половина на 2018 година, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.524.591 гласа-ЗА, 734 гласа-ПРОТИВ, и 27.051 гласа-ВОЗДРЖАНИ. ------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови ја усвои Одлуката за начинот на пресметување и исплата на дивиденда на имателите на приоритетни акции за втората половина на 2018 година, и истата претставува Прилог Е кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. ---------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------

Акционерот Д.Ч. побара во Записникот да се констатира противење на донесената одлука. ---------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа се премина на единаесетата точка од Дневниот ред- Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор за 2018 година. Претседавачот отвори расправа по оваа точка. -------------------

Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот ја стави на гласање Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор за 2018 година. Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За усвојување на Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор за 2018 година, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.530.661 гласа-ЗА, 634 гласа-ПРОТИВ, и 21.081 гласа-ВОЗДРЖАНИ. ----------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови го усвои Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор за 2018 година, и истата претставува Прилог Ж кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. ---------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на дванаесетата точка од Дневниот ред- Донесување на Одлука за назначување на овластено друштво за ревизија за 2019 година. Претседавачот образложи дека согласно член 104 и член 105 од Законот за банки, Банката е должна да именува овластено друштво за ревизија, кое ќе врши финансиска ревизија на работењето на Банката за деловната и фискалната 2019 година. Согласно членовите 26 и 60 од Статутот на Банката, предлогот за именување на овластено друштво за ревизија го определува Одборот за ревизија на Банката, а по одобрување на Надзорниот одбор, за потоа Собранието на акционери врз основа на предлогот да го назначи овластеното друштво за ревизија. Следејќи ја

ваквата постапка, Одборот за ревизија на Банката на седницата одржана на 23.04.2019 година го утврдил предлогот за избор на Прајсвотерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје како овластено друштво за ревизија која ќе изврши ревизија на финасиските извештаи и сметководствената евиденција на Банката за деловната и фискална 2019 година, во согласност со домашната регулатива. Претседавачот отвори расправа по оваа точка. -
Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот ја стави на гласање Одлуката за назначување на овластено друштво за ревизија за 2019 година. Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За усвојување на Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор за 2018 година, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.551.270 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 1.106 гласа-ВОЗДРЖАНИ. ------------------------------------------------------------------------
Претседавачот констатира дека Собраниетосо потребно мнозинство на гласови ја усвои Одлуката за назначување на овластено друштво за ревизија за 2019 година, и истата претставува Прилог З кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. ---------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на тринаесетата точка од Дневниот ред- Донесување на Политика за наградување на Стопанска банка АД Скопје. Претседавачот образложи дека во јули 2013 година Собранието на акционери на Банката ја усвоило Политиката за наградување на Банката. Во текот на редовната ревизија на Политиката за наградување, Банката ја утврдува потребата од промена на политиката, односно истата да биде усогласена со најновата Одлука НБРСМ за правилата за добро корпоративно управување на банките. Претседавачот отвори дискусија по оваа точка. -----------------------
Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот ја стави на гласање Политиката за наградување на Стопанска банка АД Скопје. Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За усвојување на Политиката за наградување на Стопанска банка АД Скопје, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.543.756 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 8.620 гласа-ВОЗДРЖАНИ. ------
Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови ја усвои Политиката за наградување на Стопанска банка АД Скопје, и истата претставува Прилог Ѕ кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. ------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на четиринаесетата точка од Дневниот ред- Предлог одлука за укинување на повластено право на приоритетните акции издадени од Стопанска банка АД Скопје и конверзија на приоритетните во обични акции (поднесена од група иматели на приоритетни акции). Претседавачот појасни дека овој предлог е поднесен по иницијатива на акционери кои поседуваат повеќе од една десетина од приоритетните акции. Имајќи предвид дека Одлуката влијае врз правата кои произлегуваат од двата рода на акции, согласно член 403 од ЗТД ќе се спроведе одвоено гласање од претставниците на обичните акции и претставниците на приоритетните акции. ------------------------------------------------------------------------------------

Збор побара г-ѓа Евангелија Калупци, претставник на Националната Банка на Грција, која ги поздрави присутните акционери и наведе дека би сакала да го образложи ставот на акционерот НБГ по однос на постојното барање за конверзија на приоритетните акции во обични акции во соодноС една приоритетна акција за две обични акции, при што наведе дека со приватизацијата на Стопанска банка АД Скопје во 2000 година и со цел Банката да стане солвентна, да ја зајакне својата капитална позиција, да го смени својот оперативен модел и да може, многу години подоцна да работи одлично и да остварува извонредни резултати за сите засегнати страни, биле преземени следните клучни иницијативи: во 2000, 2001 и 2002 година акционерскиот капитал бил зголемен за 25 милиони евра, 5 милиони евра и 17 милиони евра, со цел да се поддржи работењето на Банката, при што овие зголемувања биле покриени само од страна на акционерите иматели на обични акции. Во 2002 година, со цел Банката да ги апсорбира минатите загуби од 20 милиони евра, номиналната вредност на обичните акции е намалена од 3.000,00 денари на 2.011,00 денари, при што приоритетните акции не учествувале во покривањето на загубите. Во текот на следните години, почнувајќи од 2005 година па понатаму, само со гласовите на акционери кои се иматели на обични акции било одлучено да се капитализираат 136 милиони евра како задржана добивка, со што е постигнат вкупен капитал од 210 милиони евра за клучно со 31.12.2018 година, и со тоа ја поддржале Банката во сите критични аспекти-стапка на капитал, ликвидност, производи и услуги, ИТ и бизнис инфрасструктура и друго, што резултирало во тоа што Стопанска банка е денеска. Покрај сето тоа, со цел да се поддржи дополнително растот на бизнисот, регулаторниот капитал бил зголемен со два субординирани кредити во износ од 45 милиони евра, од кои 20 милиони евра на 20.12.2006 година и 25 милиони евра на 04.11.2008 година, кои заеми целосно биле покриени од мнозинскиот акционер имател на обични акции и целосно биле отплатени од редовното работење на Банката, а тоа воопшто не влијаело на приносот на дивидендата на акционерите иматели на приоритетни акции. Покрај наведеното, НБГ како мнозински акционер кој поседува 94,64 % од обичните акции, значително има инвестирано во бизнис know-how одноно во развој на корпоративното управување, реорганизација и обуки на вработените, воспоставување прудентни процеси, врендирање и друго, развој на филијалите, вклучувајќи отварање на филијалата i-bank, развој на производи и услуги, ИТ системите, како и поширока подршка на социјално одговорни проекти. ---------------------------------------------------------

Претседавачот се заблагодари за излагањето и отвори расправа по оваа точка. ------------------------------------------------------------------------------------------

За збор се јави акционер Едвард Симоновски кој наведе дека ова излагање го разбира како објаснување зошто Банката ги крши законите и спроведува самоволие, а тоа е затоа што ја организира работата на Банката, што и онака е нивна работа и не ретроградно да се крши законот и да се тврди дека солвентноста на Банката е заслуга на имателите на обични акции, истото не може да биде оправдување за кршење на законите. ------------------------------------------------------------------------------------------

За збор се јави акционер Ве.Т. кој наведе дека Стопанска банка АД Скопје не е најдобра банка во државата како што истакнал Главниот Извршен директор, туку една од трите најдобри банки. Смета дека образложението на претставникот на НБГ е плитко и само констатира факти, а не го решава проблемот со приоритетните акции и тоа ќе има негативни последици и негативен имиџ за Банката, иако ова можело да се реши со мали финансиски импликации за Банката со оглед на постигнатите фантастични финасиски резулатати на Банката во 2018 година.Во оваа насока повторно замолува да го разгледаат барањето на приоритетните акционери. --------------------------------------------------------------------------------
За збор се јави акционер Дражен Јоксимовиќ кој му честита на менаџментот за успешното работење, и кој изрази мислење дека проблемот со приоритетните акции не е само финансиско туку и социјално прашање, чие решавање нема особено да ги оптовари акционерите иматели на обични акции, а ќе пренесе добра порака на вработените, поради што смета дека во иднина треба да се најде соодветно решение. ----
На прашање на Преседавачот, акционерите Дражен Јоксимовиќ и Жељко Рудиќ, кои се државјани на Република Хрватска, изречно изјавија дека одлично го разбираат македонскиот јазик и дека не им е потребен преведувач. -------------------------------------------------------------------------------
За збор се јави акционерот В.Т. кој наведе дека во излагањето на претставникот на НБГ немало информација за тоа што во иднина се планира да се преземе за овој проблем, туку се наведуваат само факти од минатото, ги поздрави присутните пензионери-поранешни вработени во Банката на кои од изминатиот работен век во Банката им останале приоритетните акции и кои очекуваат да видат полза од нив. Во оваа борба се вклучени и акционери кои не работеле во Банката и кои своите акции ги стекнале со купување на Берзата. Од тоа нема да се профитира многу, од 2016 година кога имало околу 4000 акционери, денес се 300 акционери помалку. Втор проблем е евентуалната продажба на Банката, која согласно одлуката од Брисел до сега требало да се случи, но мнозинскиот акционер бара начин тоа да не се случи или да се одолговлекува. Постојат два начини на продажба, според првиот, за оваа Банка некој друг потенцијален купувач да понуди некоја сума. Според него, тој износ би бил 300 милиони евра. Ако остане постојната ситуација, НБГ би добила 284 милиони евра, а доколку има конверзија на приоритетните акции НБГ би добила 276 милиони евра, односно 7 милиони евра помалку. Вториот начин е начинот применет во Бугарија каде што НБГ ја продала тамошната банка, со целосно извлекување на добивката во вид на дивиденда, и е понудена цена со 10% над книговодствена вредност. Според овој модел, НБГ би изгубила 3,7 милиони евра доколку дојде до конверзија на приоритетните акции, а доколку биде понудена цена од 10% над книговодствената, НБГ би изгубила за својот пакет акции 4,1 милион евра, за цена од 20% над книговодствената, НБГ би изгубила за својот пакет акции 4,5 милион евра, за 35% би изгубиле 5 милиони евра. Тоа е она што би било ускратено на имателите на приоритетни акции кои нема да можат да ги понудат своите акции на продажба доколку не дојде до конверзија, но во секој случај

одлуките што се носат во корист на едниот акционер, а на штета на други акционери можат да бидат поништени по судски пат. Во еден одговор на Банката е наведено дека со поднесување на тужба од страна на акционерите иматели на приоритетни акции би се намалила репутацијата на Банката, но тие сметаат дека Банката сама ја намалува својата репутацијата и не го почитува тоа што акционерите директно разговараат за проблемот на собрание и никаде не е објавено во медиуми, а понатаму ќе се оцени од страна на акционерите кои чекори ќе бидат преземени за остварување на нивните права. -----------------------------------------------------------

Со оглед на тоа што никој друг не се јави за збор, Претседавачот најави дека по оваа точка прво ќе гласаат акционерите иматели на приоритетни акции. ---------------------------------------------------------------------------------

За збор се јави акционер В.Т. кој наведе дека има забелешка на ваквиот начин на гласање бидејќи според член 405 од ЗТД одлуката за конверзија треба да биде донесена од акционерите кои се иматели на обични акции, а потоа акционерите иматели на приоритетни акции да дадат согласност или да гласаат против донесената одлука. ------------------------------------------------

Од страна на акционер К.П. се даде предлог да се спроведе гласање согласно ЗТД. ----------------------------------------------------------------------------

По спроведената консултација со претставници од правниот сектор на Банката, Претседавачот објави дека прво ќе гласаат имателите на обични акции. ---------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот ја стави на гласање Одлуката за укинување на повластено право на приоритетните акции издадени од Стопанска банка АД Скопје и конверзија на приоритетните во обични акции (поднесена од група иматели на приоритетни акции). Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За усвојување на Одлуката за укинување на повластено право на приоритетните акции издадени од Стопанска банка АД Скопје и конверзија на приоритетните во обични акции (поднесена од група иматели на приоритетни акции), акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 25.626 гласа-ЗА, 16.524.590 гласа-ПРОТИВ, и 2.160 гласа-ВОЗДРЖАНИ. ------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието не ја усвои Одлуката за укинување на повластено право на приоритетните акции издадени од Стопанска банка АД Скопје и конверзија на приоритетните во обични акции (поднесена од група иматели на приоритетни акции). -------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------

Акционерот Д.Ч. побара во Записникот да се констатира противење на донесената одлука.-------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот ги повика да гласаат имателите на приоритетни акции. ----
Акционерите односно нивните претставници иматели на приоритетни акции гласаа јавно, со кревање на рака. За давање согласност на одлуката со која не е усвоено барањето за укинување на повластено право на приоритетните акции издадени од Стопанска банка АД Скопје и конверзија на приоритетните во обични акции (поднесена од група

иматели на приоритетни акции), акционерите иматели на приоритетни акции односно нивните претставници се изјаснија со 0 гласа-ЗА, 144.379 гласа-ПРОТИВ, и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ. ------------------------------------------
Акционерот В.Т. праша дали и за оваа одлука важи излагањето на претставникот на НБГ или треба да следи ново образложение за ваквото гласање. ------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот одговори дека претставникот нема коментар. Претседавачот констатира дека дека од страна на акционерите иматели на приоритетни акции не е дадена согласност на одлуката со која не е усвоено барањето за укинување на повластено право на приоритетните акции издадени од Стопанска банка АД Скопје и конверзија на приоритетните во обични акции (поднесена од група иматели на приоритетни акции). ---------
----------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------

Откако констатира дека се исцрпени сите точки од Дневниот ред, Претседавачот им се заблагодари на присутните акционери и нивни полномошници за нивното присуство и учество во работењето на Собранието, после што ја затвори седницата во 15 (петнаесет) часот и 10 (десет) минути. ----------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------

Потврдувам дека овој акт лично го составив и лично му го прочитав на Претседавачот на Собранието, и дека го предупредив на правните последици од ваквата правна работа. ------------------------------------------------
Учесникот изјави дека ги прифаќа правните последици кои произлегуваат од оваа правна работа и дека содржината на овој записник во целост одговара на дејствијата кои се случувале на седницата на Собранието. ------
Овој записник е составен на дваесет и една страна од дваесет и еден лист. На претседавачот на учесникот му е издаден еден извод, како и по еден извод за Стопанска Банка АД Скопје, Народната Банка на Република Северна Македонија, и Централниот регистар на Република Северна Македонија. Изворникот на записникот се чува во мојата архива. -----------
Нотарската такса по тарифен број 27 од Законот за судски такси во износ од 500,00 денари е уредно наплатена. -----------------------------------------------
Нотарската награда е пресметана во износ од 10.000,00 денари, согласно член 41 точка 1 од Нотарската тарифа. ----------------------------------------------

Учесник во постапката, Претседавач г-ѓа Наташа Трпеноска-Треневска, с.р.

Нотар
Зорица Пулејкова

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
ЗОРИЦА
ПУЛЕЈКОВА
СКОПЈЕ

Јас НОТАР, ЗОРИЦА ПУЛЕЈКОВА

бул.К.Ј.Питу 15 лок.6 ТЦ Скопје/Аетна Скопје

(име, презиме и седиште - адреса)

потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.

Овој е прв извод - потполн - во изводок, кон кого ќе се приложени - се приложени _____ преписи од прилозите на нотарската исправа.

Број: ОДУ 415/19

Во Скопје 29.05 2019 година

НОТАР

(потпис и печат)

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на основните судови на градот НОТАР ЗОРИЦА ПУЛЕЈКОВА СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на основните судови на градот НОТАР ЗОРИЦА ПУЛЕЈКОВА СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на основните судови на градот НОТАР ЗОРИЦА ПУЛЕЈКОВА СКОПЈЕ